BRIMA DOO
III Mak. Brigada bb (Upravna zgrada Rade Koncar)
PO box 593, 1000 Skopje   MACEDONIA
VAT No. MK 4030999372067
Tel/fax: ++389(02) 2461848
E-mail: office@brima.com.mk
Web www.brima.com.mk

# ПОЛИТИЧКИ БАРОМЕТАР

## Ноември 2011

- Перцепција на граѓаните за правецот во кој се движи земјата и оценки за работата на Владата

BRIMA Јануари 2012

**ПОЛИТИЧКИОТ БАРОМЕТАР** на БРИМА[1] е дел од Омнибус истражувањето[2] кое се спроведува повеќе пати во годината во кое учествуваат клиенти заинтересирани за различни теми (социолошки, политички, маркетиншки и медиумски). Политичкиот Барометар се реализира со стандардизирана батерија прашања кои се однесуваат на клучните аспекти на актуелната политичка ситуација во земјата и е една од темите во Омнибусот кои се во сопственост на БРИМА. Целокупните резултати од политичкиот барометар им се достапни на заинтереси раните потенцијални клиенти по стандардни цени.
Во ова издание на Политичкиот Барометар на БРИМА се прикажани основните резултати за перцепцијата на граѓаните за правецот во кој се движи земјата и оценките за работата на Владата, од последниот Омнибус реализиран во периодот од 18 до 27 ноември 2011 година компарирани со резултатите од претходниот Омнибус релизиран од 1 до 7 септември 2011г.

.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Ноемвриското истражување е рализирано со репрезентативен примерок кој опфаќа 1168 анкетирани полнолетни граѓани на Република Македонија на возраст 18+ години, маргина на грешка:+/-2.87% во граници на 95%-ен интервал на сигурност. Користени се различни методи при заокружувањето на податоците во цели бројки и поради тоа во табелите и во другите носители на податоци, прикажаните бројки може да се разликуваат за процент при собирањето на разни полиња.

Дизајн на примерокот: повеќестепен стратификуван случаен примерок според податоците од Државниот Завод за Статистика за проценки на населението во Република Македонија на 31 12 2009 г. Примерокот е репрезентативен според пол, возраст, национална припадност, место на живеење во 8-те региони во Република Македонија. Демографијата на анкетираните опфаќа и образование, работен статус, занимање, број на членови во домаќинството и месечни приходи.

Теренската работа (интервју лице в лице) е спроведена од страна на повеќе од 70 анкетари и 14 супервизори на БРИМА во над 170 сектори (sample points) во општините ширум земјата.

RR (Response Rate - стапка на прифаќање на интервју се пресметува според формула за релациите помеѓу посетени адреси, остварени контакти со граѓаните според стандардна процедура во рамките на планираниот примерок и комплетирани интервјуа)

2011 RR(ноември) = 74.4%

---

[1]БРИМА е Македонски член на Gallup International Association од 2002 година.

[2] За клиентите на Омнибусот постојат две опции за користење на резултатите од истражувањата. Едната опција е резултатите од истражувањето кои се сопственост на БРИМА едновремено да ги споделуваат повеќе клиенти кои им се достапни по стандардни цени. Втората опција во Омнибусот е можноста клиентите да поставуваат и свои прашања со ексклузивни права на користење на резултатите од истражувањето.

## Перцепција на граѓаните за правецот во кој се движи земјата

Резултатите од истражувањата спроведени на почетокот на септември[3] и крајот на ноември минатата година покажуваат дека, во периодот помеѓу двете истражувања, бројот на анкетираните кои оцениле дека земјата се движи во правилна насока се зголемил за 4 процентни поени (42%: 46%) на сметка на намалениот број анкетирани кои немале одреден одговор на ова прашање од 8% во септември на 4% во ноември. И во двете истражувања бројот на анкетираните кои сметаат дека земјата оди во погрешна насока останува непроменет (49%) . Климата во јавното мислење на крајот на ноември ја карактеризира тенденцијата на изедначување на сегментите во јавноста кои оценуваат дека земјата оди во правилна насока (46%) во однос на оценката погрешна насока (49%). Разликата[4] од 3% е во интервал на статистички незначајна разлика.

**Генерално земено, дали мислите дека работите во нашата земја се движат во правилна или погрешна насока?**

**Табела 1**

| **Работите во нашата земја се движат во:** | **септрмври 2011** | **ноември 2011** | **разлика ноември - септеври 2011** |
|---|---|---|---|
| правилна | **42%** | **46%** | **+ 4%** |
| погрешна | **49%** | **49%** | **0%** |
| одбивадаодговори | **1%** | **1%** | **0%** |
| Не знае | **8%** | **4%** | **- 4%** |
| Вкупно | **100%** | **100%** | |

Компаративната анализа на резултатите помеѓу двете последни истражувања покажуваат дека на промените на вкупната клима во јавноста имаат влијание варијациите во перцепциите на јавноста на главните проблеми[5] со кои се соочува земјата. На крајот на ноември на врвот на листата на проблемите кои ја окупираат јавноста се генералните општествени проблеми (вработувањето и економскиот развој) (89%). Во периодот помеѓу двете истражувања бројот на ваквите одговори се зголемил за 3 процентни поени (86% септ.;89% ноем.). На второ место на листата на проблеми се проблемите од кои граѓаните се

[3] Во септемвриското истражување со репрезентативен примерок анкетирани се 1163 полнолетни граѓани во Република Македонија .

[4] t =1.05 df =1167 p < 0.05 CR > 1.98

[5] На прашањето : “**Кои се најважните проблеми со кои се соочува земјата денес”** анкетираните можеа да спонтано да наведат два проблеми. Сите спонтано наведени проблеми се кодираат според стандардизирана листа од 23 проблеми.Со цел да се добие појасна слика за ова прашање ги агрегиравме одговорите во 6 категории на проблеми кои се однесуваат на блиски подрачја на општествената проблематика и кои се меѓусебно поврзани. Види во табела 3 кои проблеми се агрегирани во рамки на одредена категорија на проблеми.

лично засегнати. Бројот на ваквите одговори се намалил за 5 процентни поени (66%;61%). На трето место на листата на главните проблеми е перцепцијата на проблемите поврзани со евроинтеграциите и решавањето на проблемот со името чиј број се зголемил за 8 процентни поени (15%;23%). И на крајот за 3 процентни поени се намалила перцепцијата на проблемите кои се однесуваат на корупцијата и криминалот (13%;10%) и проблемите кои се однесуваат на генералниот општествено - политички контекст (11%;8%). Бројот на оние кои одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат не се променил и изнесува 6% во двете истражувања.

**Табела 2**

| **Кои се најважните проблеми со кои се соочува земјата денес :** | **септември 2011** | **ноември 2011** | **разлика ноември - септеври 2011** |
|---|---|---|---|
| **Генерални општествени проблеми** (вработување и економскои развој) | **86%** | **89%** | **+ 3%** |
| **Проблеми од кои лично се засегнати граѓаните** (скапотија и високи цени, ниски плати, пензии, сиромаштија, низок квалитет на услуги во здравството и образованието, пробле ми со ниски откупни цени на земјоделски производи) | **66%** | **61%** | **- 5%** |
| **Проблеми кои се однесуваат на генералниот општествено - политички контекст** (слабо функционирање на Владата, општата политичка ситуација, недостаток на лична безбедност, Скопје 2014, слаба инфраструк тура ) | **11%** | **8%** | **- 3%** |
| **Криминал и корупција** | **13%** | **10%** | **- 3%** |
| **Меѓуетнички и интраетнички односи** | **3%** | **3%** | **0%** |
| **Евроатлански интеграции** (ЕУ, НАТО) **и проблемот со името на Република Македонија со Република Грција** | **15%** | **23%** | **+8%** |
| **Не знае , одбива да одговори** | **6%** | **6%** | **0%** |
| Вкупно | **200%** | **200%** | |

Вкупниот збир на одговорите во табелата изнесува 200% затоа што се сумирани одговорите на анкетираните и за првонаведениот и за второнаведениот проблем во земјата (multiple answers)

Понатамошната анализа на резултатите покажува дека постојат одредени структурни сличности но истовремено и битни разлики во перцепцијата на проблемите во земјата помеѓу граѓаните кои имаат доверба во Владата во однос на оние кои немаат доверба. Структурните сличности се однесуваат на фактот што и кај едните и кај другите на врвот на листата на проблемите се проблемите поврзани со вработувањето и економскиот развој а веднаш зад нив се рангирани проблемите кои лично ги засегаат граѓаните.
Во сегментот на јавноста кој изразува доверба во Владата на прво место, практично без промени во периодот помеѓу двете последни истражувања, се наведени проблемите со вработувањето и економскиот развој (85%;86%). На второ место се наведуваат проблемите кои лично ги засегаат граѓаните но бројот на ваквите одговори во меѓувреме се намалил за 10 процентни поени (69%;59%) а за сметка на зголемениот број одговори за 11 процентни поени **(20%;31%)** на проблемите поврзани со процесите на евроинтеграцијата и решавањето на спорот со името на земјата помеѓу Република Македонија и Република Грција. Од друга страна помеѓу граѓаните кои немаат доверба во Владата на прво место

на листата на проблеми се наведени проблемите поврзани со вработувањето и економскиот развој на земјата и нивниот број се зголемил за 5 процентни поени (87%;92%). На второ место нема промени помеѓу двете истражувања во бројот на одговорите кои се однесуваат на проблемите кои лично ги засегаат граѓаните (63%) во обете истражувања. Помеѓу граѓаните кои немаат доверба во Владата практично процентот на проблеми кои се наведуваат во врска со процесот на евроинтеграциите и проблемот со решавање на името е двојно помал во септември (11%) а во ноември е скоро дваипол пати помал (13%) во однос на таквите одговори помеѓу граѓаните кои изразуваат доверба во Владата.
Практично најважните промени во перцепцијата на проблемите со кој се соочува земјата, помеѓу двете истражувања, е тенденцијата фокусот на вниманието кај оние кои ја поддржуваат Владата да се поместува кон проблемите поврзани со процесите на евроинтеграцијата и решавањето на спорот со името а помеѓу граѓаните кои немаат доверба во Владата вниманието да се концентрира кон социекономските проблеми поврзани со вработувањето и економскиот развој на земјата.

## - Оценки на граѓаните за работата на Владата

Разликите во оценките на граѓаните за севкупната работа на Владата од почетокот на септември до крајот на ноември минатата године претрпеле сосема мали промени. Крајниот резултат на овие промени изразен преку просечната оценка за работата на Владата се сведува на стаистички незначајно зголемена просечна оценка за 0.09 поени, од 2.78 во сеептември на 2.87 во ноември.

**Која оценка би ја дале за севкупната работа на сегашната Влада употребувајќи ја скалата на оценување што се користи во училиштата во Македонија, каде што 1=незадоволително, а 5=одличен,?**

**Табела 3**

| Оценка за севкупната работа на сегашната Влада | септември 2011 | ноември 2011 | разлика ноември - септеври 2011 |
|---|---|---|---|
| 1 незадоволително | **18%** | **16%** | **- 2%** |
| 2 задоволително | **18%** | **19%** | **+ 1%** |
| 3 добро | **33%** | **33%** | **0%** |
| 4 многу добро | **16%** | **18%** | **+ 2%** |
| 5 одлично | **10%** | **11%** | **+ 1%** |
| Не знае | **5%** | **3%** | **- 2%** |
| Вкупно | **100%** | **100%** | |
| **Просечна оценка** | **2,78** | **2.87** | **+ 0.09** |

- Во просечната оценка одговорите “не знае” не се вклучени
- Заради правилата во заокружувањето на процентите во цели броеви отстапувањето може да се движи од 99% до 101%

Анализата на резултатите од истражувањата утврди значајни разлики во валоризирањето на работата на Владата кои се поврзани со бирачката ориентација на анкетираните граѓани. Највисока просечна оценка

Владата добила од поддржувачите на ВМРО ДПМНЕ и практично не се променила помеѓу двета истражувања (4.01 сеп.; 4.03 ноем.).

**Поврзаност помеѓу бирачките ориентации на анкетираните и нивните оценки за севкупната работа на Владата.**

**Табела 4**

| Ќе гласа за : | Просечна оценка за работата на Владата | | разлика ноември - септеври 2011 |
|---|---|---|---|
| | септември 2011 | ноември 2011 | |
| ВМРО ДПМНЕ | **4.01** | **4.03** | **+ 0.02** |
| СДСМ | **1.96** | **1.83** | **- 0.13** |
| ДУИ | **2.79** | **3.14** | **+ 0.35** |
| ДПА | **2.17** | **1.97** | **- 0.20** |
| Друга партија | **2.05** | **2.52** | **+ 0.47** |
| Неодлучен | **2.62** | **2.60** | **- 0.,02** |
| Нема да гласа | **2.11** | **2.30** | **+ 0.19** |
| Одбива да одговори | **2.77** | **2.80** | **+ 0.03** |
| Не знае | **2.80** | **2.94** | **+ 0.14** |
| **Просечна оценка вкупно** | **2.78** | **2.87** | **+ 0.09** |

Во меѓувреме значајно се зголемила просечната оценка помеѓу поддржувачите на ДУИ за 0.35 поени (2.79; 3.14) и кај другите помали политички партии за 0.47 поени (2.05; 2.52). Кај поддржувачите на главните опозицијски партии оценката за работата на Владата е со тенденција на опаѓање, за 0.13 поени кај поддржувачите на СДСМ (1.96; 1.83) и уште поизразено е намалена просечната оценка помеѓу поддржувачите на ДПА за 0.20 поени (2.17; 1.97).
Во политички дистанцираниот дел од електоратот практично нема промени помеѓу неодлучните (2.62; 2.60) и оние кои одбиваат да одговорат за која политичка парија би гласале (2.77 ; 2.80). Додека има тенденција на пораст на просечната оценка за работата на Владата помеѓу оние кои изјавиле дека нема да гласаат за 0.19 поени (2.11; 2.30) и оние кои изјавиле дека не знаат за кого ќе гласаат за 0.14 поени (2.80; 2.94).
Резимето на овој дел од анализата покажува дека постојат значајни разлики помеѓу бирачки активниот и бирачки пасивниот дел од електоратот. Ако во целина се посматраат резултатите од анкетираните кои во истражувањата се изјаснуваат дека ќе гласаат за определена политичка партија, без оглед владеачка или опозициона, оценката за работата на Владата е над просекот во земјата и е незначително зголемена за 0.08 поени (3.07; 3.15). Во потенцијално пасивниот дел од електоратот кој го сочинуваат сите оние анкетирани кои не се изјасниле дали и за која политичка парија би гласале, истотака оценката незначително се зголемила но и понатаму е под просечната оценка за работата на Владата (2.46; 2.55).

БРИМА
10 01 2012 г.